Архивски број: 0801-435/2
15-12-2021 Година

Постапувајќи по претставката со архивски бр. 0801-435 од 09.12.2021 поднесена од [redacted] од Скопје против Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работа Град Скопје за сторена дискриминација при остварувањето на родителското право, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 14.12.2021 го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

СЕ ОТФРЛА поднесената претставка за заштита од дискриминација поради тоа што постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Образложение**

На 09.12.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна [redacted] од Скопје, за извршена директна дискриминација по основ на семејна и брачна состојба во областа социјална сигурност и социјална заштита.

Имено, подносителката во претставката наведува дека води постапка во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Град Скопје која се однесува на начинот на видување на бабата по татко со малолетните деца и бара од Комисијата да преземе одредени дејствија согласно настанат случај на ден 07.12.2021 во Меѓуопштински центар за социјални работи во Град Скопје.

После разгледувањето на списите од предметот Комисијата одлучи дека **постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата **нема надлежност и стручност** да ја оценува работата на стручниот тим во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе Управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Весна Бендевска

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на Управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Примерок од Решението се достави до:
1.Подносителка на претставка[redacted]општина Центар Скопје.
2.Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk